Ивана Лукиќ

# (НЕ) ПРАШУВАЈ МЕ КАКО СУМ

Copyright © за македонското издание: Културна установа „Блесок“, 2016

Сите права се задржани.
Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Наслов на оригиналот: (Ne) pitaj me kako sam

Автор: Ивана Лукиќ
Copyright © Kreativni centar, 2015

---

Издавањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, литературна мрежа на која припаѓаат Сојузното министерство за Европа, интеграции и надворешни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската фондација за култура ПроХелвеција, КултурКонтакт Австрија (по налог на Сојузната канцеларска служба на Република Австрија), Гете Институтот, Агенцијата за книги на Словенија ЈАК, Министерството за култура на Република Хрватска, Ресорот за култура на владата на кнежеството Лихтенштајн, фондацијата за култура на Лихтенштајн, Министерството за култура на Албанија, Министерството за култура и информирање на Република Србија, Министерството за култура на Република Романија, Министерството за култура на Црна Гора и фондацијата С. Фишер.

traduki

---

Идејата за името на оваа едиција го даде Лина Исаковска, кога имаше 5 години, во август 2011 г. Името **БУШАВКО** многу пред тоа почнала да го користи **ДЕТСКАТА АМБАСАДА МЕЃАШИ**, и тоа име е нивна заштитена марка. Овде ѝ се заблагодаруваме на љубезноста на Детската амбасада Меѓаши, што ни дозволи да го користиме името **БУШАВКО** за нашата едиција.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.41-3

ЛУКИЌ, Ивана
(Не) прашувај ме како сум / Ивана Лукиќ ; превод од српски Калина Буневска Исаковска. - Скопје : Блесок, 2016. - 114 стр. : илустр. ; 19 см. - (Едиција Бушавко)

Превод на делото: (Ne) pitaj me kako sam / Ivana Lukić

ISBN 978-9989-59-664-3
I. Lukić, Ivana види Лукиќ, Ивана

COBISS.MK-ID 102289162

Ивана Лукиќ

# (НЕ) ПРАШУВАЈ МЕ КАКО СУМ

Превод од српски:
**Калина Буневска Исаковска**

Културна установа **БЛЕСОК**
Едиција **БУШАВКО**

Скопје, 2016



# МИ ТРЕБА КОФА

Утро е – 12:30. Досада. Станувам. Го вклучувам компјутерот. Проверувам статуси и лајкови. Досада. Вечер е – 23:30. Седнувам. Почнувам да учам. Досада. Ноќ е – 1:30. Лежам. Ми треба одмор.

8:00 – почеток на досадата. 8:45 – крај на првата досада. И така шест пати. Ми треба одмор.

Еден кафич – една пијачка. Втор кафич – втора пијачка и втора цигара. Трет кафич – четврта пијачка и шеснаесетта цигара. Четврт кафич – седма пијачка и дваесет и прва цигара. Ми треба одмор.

Двајца добро познати родители. Петнаесет добро познати наставници. Двајца добро познати келнери. Три добро познати келнерки во *фаст фудот*. Еден добро познат директор на школо. Ми треба одмор.

Четврта опомена. Втора казна за шверцување. Петта изгубена здравствена книшка. Трет нов пар патики. Прва дрога. Ми треба одмор.

Двесте и два пати *денгуба* за време на распуст. Сто шеесет пати *брат* за еден ден. Десет пати досаден и досадна за време на еден ручек. Триесет пати досадување за време на едно претпладне. Шеесет пати *досада* за една минута.

Се заброив. Ми треба будење. Има ли некој кофа со вода да ме полие или морам сам?



# ЧУДЕН ДЕЛ ОД СЛОЖУВАЛКАТА

Го читам Мураками.

Се занимавам со *freeclimbing*.

Често го шетам моето куче.

Сакам да цртам, да седам во паркот, да ја слушам Бебел Гилберто.

Сакам да се запишам на психологија и да живеам негде кај што е топло.

Не сакам да излегувам на сплавовите и во трговските центри.

Сакам да бидам со дечко ми поради начинот на кој ја подига веѓата, ги обува чевлите, зборува за својот татко, начинот на кој ме теши и се обидува да ја среди својата соба, а не поради нешто друго.

Ја мразам пеесет и тројката со која се враќам дома.

Во слободното време не пијам, не пушам и не се дрогирам.

Дали воопшто постојам?

Дури ни името не ми е вообичаено, го имам добиено според едно цвеќе.

Јас сум оној дел од сложувалката што никако не можете да го вклопите. Го вртите, преместувате, повторно го свртувате, поместувате, искривувате и повторно ништо.

Јас баш и не се вклопувам во оваа З генерација!

Заеби!



# МАЛИОТ ДОСТОЕВСКИ

Јас како да сум излегол од роман на Достоевски.

Можете да ме викате Малиот Достоевски.

Јас сум целосен аутсајдер. Моето селфи никому не би му било интересно. Па ни мене.

Јас разбирам, но... не знам.

Јас чувствувам, но... се плашам.

Јас би сакал, но... не смеам.

Јас гледам, но... не реагирам.

Јас имам талент, но... не успевам.

Јас се трудам, но...

Јас одлично знам да се откажувам, тагувам, пронаоѓам изговори. И да се смеам.

Можеби ќе дојде време кога и моето *селфи* ќе биде интересно. Барем мене.


CLICK!

# MY PROFILE

Write/Send/Save/Erase/Replay
Click!

Like/Unlike
Click!

Sign up/Sign in/Sign out (ги знам и синонимите Login/Log out)
Click!

Finish/Start (синоним Go)
Click!

Download/Wait a minute…/Settings/Help
Click!

Post/Poke/Comment/Tweet/Share
Click!

Online/Offline
Click!

Follow/Unfollow
Click!


CLICK!

Add friend/Add photo/Add video/Add files/Block this person

Click!

Close/Open

Click!

Google/Wikipedia

Click!

Mobile/Web

Click!

Tag/Hashtags

Click!

И најважното – Seen.

Не знам зошто имам слаба оценка по англиски. И зошто ништо не ми одговори.

Click!

Log out!



# КРУПНИ ЧЕКОРИ

Вчера Фрик и Психо се шетаа низ градот.

Гледаа во зградите, уживаа во *пез*-бонбоните и разговараа за Ништото.

Ни беше убаво.



# БАГУВАЊЕ

Јa гледам во очи. Гледам дека се премислува. Знам дека ме мерка.

Не дадов сѐ од себе. Пак се блокирав. Не се сетив.

Секогаш забагувам. Ми доаѓа да заплачам, но јас не плачам, барем не пред другите.

Ја поместува раката. Јас трепкам. Полека го спуштам погледот. Не можам да ја издржам таа тензија.

Ме прашува зошто сум згрешил. Кажува, очекувала повеќе.

Јас трепкам. Се насмевнувам и ги дигам рамениците.

Вели, ништо, жал ми е, веројатно следниот пат ќе биде подобро.


EMPTY
FULL

# АВТОМОБИЛ СО ЦРВЕНА БОЈА

Мојот другар сака да клечи. Обожава автомобили. И често е црвен во лицето.

Јас го сакам, како другар. Многу е храбар, а јас му го скршив срцето.

Тажна сум што страда. Не сакам да видам дека и очите му се црвени. Затоа не го гледам во очи.

Но заедно клечиме и разговараме за автомобили.


MANTRA